**МАКЕДОНСКИ СЛАВИСТИЧКИ КОМИТЕТ - СКОПЈЕ**

# С Т А Т У Т

**(пречистен и усогласен текст)**

**Скопје, 2022 година**

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16) и член 20 од Статутот на Македонскиот славистички комитет, членовите на Македонскиот славистички комитет со седиште во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9а, на седницата на Собранието, одржана на 23.12.2022 година, го донесоа следниов:

# С Т А Т У Т

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Македонскиот славистички комитет (во натамошниот текст само Здружение) е основано врз основа на Одлуката за основање на здруженија на граѓани и Законот за здруженија на граѓани и фондации.

### Член 2

Здружението во својата работа ќе се раководи од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за здруженија и фондации, овој Статут и другите општи акти на здружението како и во согласност со сите други позитивни прописи на Република Северна Македонија.
Здружението е доброволно, неполитичко, вонпартиско, невладино, непрофитно здружение.

### Член 3

Со овој Статут се уредуваат:

- името и седиштето на Здружението;
- целите и задачите, облиците и начинот на дејствување;
- органите, начинот на нивниот избор и отповикување, и нивниот меѓусебен однос;
- траење на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите;
- стекнувањето и располагањето со имотот;
- остварување на јавноста во работата;
- определувањето на условите за основање ограноци (организациски единици);
- услови и начин на пристапување и исклучување од Здружението;
- претставување и застапување во правниот промет и спрема трети лица;
- престанок на работата на Здружението;
- постапување со имотот на Здружението во случај на престанок на работата на Здружението;
- други прашања утврдени со Закон.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

## 2. ИМЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 4

Името на здружението гласи: ***Македонски славистички комитет.***
Во меѓународните односи здружението ќе настапува со латинично писмо: ***Makedonski slavistichki komitet***

## 3. СЕДИШТЕ И АДРЕСА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 5**

Седиштето на Здружението е во Скопје на бул. „Гоце Делчев" 9а.

**Член 6**

Здружението дејствува на целокупната територија на Република Северна Македонија.

**Член 7**

Времетраењето на Здружението е неограничено.

Здружението има својство на правно лице и не може да се трансформира во друг вид на правно лице.

Здружението не може да врши политички активности или да ги користи својот имот и средства за остварување на цели на политичките партии (директно учество во изборната кампања или собирање на средства за изборната кампања или финансирање на политички партии).

**Член 8**

Здружението има свој знак или знак, штембил и печат.

Формата, обликот и ликовното решение на знакот претставува ликот на Св. Климент Охридски.

Штембилот е со правоаголна форма и вообичаена големина. На горниот раб се наоѓа називот на Здружението, а во средината има ознака: "Бр." со црта. На долниот раб се наоѓа линија со ознака "___год". Под долната линија стои зборот „Скопје".

Печатот е со тркалезен облик, со вообичаена големина и пречник од 3,5 см. по чија внатрешна страна полукружно е испишано на кирилица: Македонски славистички комитет, а во средината е знакот на Здружението.

## 4. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 9**

Основната цел на Здружението е да соработува со Меѓународниот славистички комитет во организирањето на меѓународни конгреси и научни состаноци.

Останати цели и задачи на Здружението се:

- избор на македонските претставници на меѓународните славистички конгреси;
- избор на македонски претставници во Меѓународниот комитет на славистите, како и во комисиите при тие комитети;
- грижа за објавување и дистрибуција на рефератите на македонските слависти за меѓународните конгреси на славистите;
- донесување и менување на Статутот на Здружението;
- организација на меѓународни славистички конгреси кога се одржуваат во Република Северна Македонија; и
- вршење и организирање на други дејности надвор од својата област.

**Член 9-А**

За остварување на овие цели, Здружението ги организира следните дејности:

- одржување редовни годишни собранија, состаноци на своите органи, советувања и сл.;
- организирање работилници, семинари, трибини и предавања;
- организирање и учество на домашни и на меѓународни конгреси, конференции, симпозиуми, тркалезни маси;
- подготовка и реализација на научноистражувачки, стручни и апликативни проекти; издавање печатени материјали, списанија, книги/монографии и преводи;
- промоција на активностите на Комитетот во медиумите;
- водење и уредување на веб-страница на Комитетот;
- други активности.

**Член 10**

Здружението дејствува и се организира врз териториjален принцип.
Во своето дејствување и остварување на целите и на задачите, Здружението е самостојно и автономно и е должно да ги отфрла сите видови на притисоци од политички, религиозен или економски карактер.

## 5. ЧЛЕНСТВО

**Член 11**

Член на Здружението може да стане секој полнолетен граѓанин кој е научен работник на полето на славистиката и македонистиката, државјанин на Република Северна Македонија кој ќе потпише пристапница и ќе го прифати Статутот на Здружението.

**Член 12**

Членот на Здружението може да биде редовен и почесен.
Барањето за прием во членство се поднесува во писмена форма до Здружението, а за приемот во членството одлучува Управниот одбор на Здружението со гласање. За прием е потребно просто мнозинство на сите членови
Во Здружението се води евиденција на членовите.
Членовите се должни редовно да плаќаат членарина.
Членарината се плаќа годишно.
Одлуката за висината на членарината ја определува Собранието на Здружението.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

**Член 13**

Во остварувањето на целите и на задачите на Здружението, членовите ги остваруваат своите права и обврски на начин утврден со Уставот на Република Северна Македонија, со Законот и со овој Статут:
Членовите на Здружението ги имаат следниве права и обврски:

- да работат врз реализацијата на целите и на задачите на Здружението;
- да бидат избирани и да избираат во сите органи и тела на Здружението;
- да учествуваат во сите видови дејности на Здружението и во неговите органи и

тела;
- да ја унапредуваат работата на Здружението и да се грижат за неговиот углед;
- да покренуваат иницијативи и да даваат предлози за решавање на прашања од дејноста на Здружението;
- да бидат благовремено информирани за дејноста и за активностите на Здружението;
- да бидат информирани за материјално-финансиското работење на Здружението;
- редовно да ја плаќаат членарината;
- да ги исполнуваат другите обврски кон Здружението.

### Член 14

Секој член има право да истапи од Здружението врз основа на своја сопствена желба, искажана во писмено образложено барање.
Членството во Здружението може да престане и:
- поради нанесување штета на угледот на Здружението и поради дејствување спротивно на Статутот и на актите на Здружението;
- поради неплаќање членарина во период од една година и покрај дадената опомена;
- поради осуда со правосилна судска пресуда со која е изречена казна затвор за нечесно дело или заминување на издржување казна затвор за кое било кривично дело во траење подолго од 6 (шест) месеци;
- поради смрт.

### Член 15

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Управниот одбор на Здружението на ист начин како и при приемот.

### Член 16

За почесен член на Здружението може да се избере лице кое се здобило со посебни заслуги за своите активности и работа за развитокот и за остварувањето на целите и задачите на Здружението. Почесните членови се ослободени од плаќање на членарината. Тие имаат право на учество во работата на Здружението, но без право на глас.

## 6. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 17

Органи на Здружението се:
1. Собрание;
2. Управен одбор;
3. Претседател на здружението;
4. Надзорен одбор.

## СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 18

Највисок орган на управување во Здружението е Собранието.
Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението.

## Член 19

Работата на Собранието на Здружението е јавна.
Работата на Собранието се одвива на македонски јазик и се користи кирилско писмо.
Јавноста на работата на Собранието се остварува со: учество на сите членови на Здружението; учество во работата на Здружението на претставници на органи и организации и заинтересирани граѓани; присуство на претставници на печатот, радиото и телевизијата, објавување соопштенија, информации и други материјали за работата на Собранието на Здружението.

## Член 20

Собранието расправа и одлучува за следново:

- донесува Статут на Здружението и усвојува негови измени и дополненија/дополнувања;
- донесува едногодишна или повеќегодишна Програма за работа;
- усвојува финансиски план и ја усвојува завршната сметка за финансиското работење од претходната година;
- одлучува за промена на целта на здружувањето;
- одлучува за здружување или за разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и во меѓународни организации;
- ги избира и ги разрешува органите на Здружението;
- расправа по прашања од интерес за Здружението;
- го одобрува Извештајот за работа на Управниот одбор;
- донесува општи акти и одлуки на Здружението;
- ја утврдува висината на членарината;
- одлучува за основање и за укинување на ограноци и секции на Здружението;
- одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство;
- ги разгледува прашањата од општо значење за развојот на проблематиката со која се занимава;
- дава автентично толкување на Статутот;
- врши и други работи кои се утврдени со Статутот, со општите акти на Здружението и со други прописи во Република Северна Македонија.

## Член 21

Во работата на Собранието учествуваат сите регистрирани членови кои ја платиле членарината за тековната година. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш во годината и ја сумира својата работа, расправа и го усвојува извештајот за работата на Управниот одбор и на Претседателот, како и на другите тела и органи на Здружението.
Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Здружението и за секоја седница ги известува членовите најмалу 15 дена пред седницата. По исклучок седница на Собранието може да се свика и пократко, но не порано од 7 дена.
Собранието се свикува и по барање на една петтина од членовите кои платиле членарина за тековната година. Само членовите што се активни и редовно плаќаат членарина за сите години меѓу конгресите, можат да учествуваат во меѓународните конгреси и во другите активности на Комитетот.
Поканите до членовите се испраќаат на нивната електронска адреса.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ * СКОПЈЕ БРОЈ 8

## Член 22

Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови, а полноважно одлучува со мнозинство гласови од присутните членови и одлуките ги донесува со просто мнозинство на присутните.
Одлуките на Собранието се донесуваат со јавно и со тајно гласање. За начинот на гласање се одлучува со јавно гласање. Ако не може да се обезбеди кворум, Собранието може полноправно да одлучува и со електронско гласање кое се регулира со посебен правилник.

## Член 23

Со работата на Собранието раководи Претседателот на Здружението.

## Член 24

Одлуките на Собранието се задолжителни за сите органи и за сите членови на Здружението.

## Член 25

Изборот на Управниот одбор, Претседателот и Надзорниот одбор се врши за период од 5 (пет) години без ограничување за повторен избор.
Изборот го врши Собранието по правило со јавно гласање, а со одлука на Собранието гласањето може да биде и тајно.

**УПРАВЕН ОДБОР**

## Член 26

Управниот одбор е колективен извршен орган на Собранието на Здружението кој се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Собранието меѓу две седници.

## Член 27

Управниот одбор го сочинуваат 3 члена.
При изборот на членовите на Управниот одбор, заради континуитет, по правило се избира најмалку една третина од членовите на претходниот состав на Управниот одбор.
Собранието е овластено во секое време да го разреши Управниот одбор или негов член доколку утврди дека тој дејствува и работи спротивно на: целите и задачите на Здружението, овој Статут и интересите на Здружението.

## Член 28

Управниот одбор ги извршува сите задачи неопходни за непречено работење на Здружението, а особено:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- го подготвува нацртот на Статутот на Здружението и дава предлози за негова измена или дополнение/дополнување;
- ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе собранието;
- ги спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- формира стручна служба и врши контрола врз нејзината работа;

- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- го подготвува годишниот и периодичниот извештај за својата работа;
- ги извршува и ги реализира одлуките на Собранието и се грижи за нивно спроведување;
- ја координира работата меѓу органите и телата на Здружението;
- доколку од причини на виша сила или на други објективни причини не може да се одржи Собрание, донесува одлука за усвојување на финансискиот план, на завршната сметка и на периодичните пресметки, а заради предавање во законски рок на надлежните органи, со тоа што за ова, конечна одлука донесува Собранието на првата седница;
- врши и други работи што му се ставени во надлежност со Статутот и со другите општи акти, како и со одлуките и заклучоците на Собранието;
- Управниот одбор за својата работа поединечно и колективно одговара пред Собранието на Здружението.

### Член 29

Управниот одбор се свикува по потреба, а најмалку двапати годишно.
Седницата на Управниот одбор ја закажува Претседателот на Здружението, а во негово отсуство еден од неговите заменици.
Управниот одбор полноважно одлучува со гласање со просто мнозинство на гласови.

### Член 30

Управниот одбор избира:

- *заменик на претседателот*;
  Заменикот на претседателот го заменува претседателот за време на негово отсуство и спреченост да ја извршува функцијата;
- *секретар* кој е едновремено и секретар на Здружението.
  Секретарот на здружението ги извршува сите административни и технички работи на Здружението, води записници, евидентни книги, ја подготвува и ја води целокупната писмена документација на Здружението.
- *благајник*.
  Благајникот ракува со благајната на здружението и го води материјално-финансиското работење. Се грижи за уредна наплата на членарината и на другите материјално финансиски обврски на членовите. Одговорен е за правилното и законито материјално-финансиско работење.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 31

Претседателот на Здружението е и претседател на Управниот одбор.

### Член 32

Претседателот на Здружението има посебни задачи и тоа:

- го преставува и застапува Здружението пред државните органи, организации и се грижи за реализирање на Програмата на Собранието на Здружението, како и на заклучоците, ставовите и другите документи што ги донесува Собранието и Управниот одбор на Здружението

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

- ги подготвува и свикува седниците на Собранието и на Управниот одбор;
- има право да овласти трето лице за стручно застапување на интересите на Здружението пред судовите, државните органи, организации и трети лица;
- ги потпишува одлуките, решенијата и заклучоците на органите на Здружението;
- ги потпишува сите материјално-финансиски документи;
- поднесува предлози до Собранието и до Управниот одбор со цел за поефикасна работа;
- врши и други работи и задачи што му се ставени во надлежност со овој Статут и одлуките на Собранието и Управниот одбор на Здружението.

### Член 33

Претседателот на здружението го избира Собранието на предлог на Управниот одбор за период од 5 (пет) години со право на еден преизбор.
За своето работење претседателот на Здружението одговара пред Управниот одбор и пред Собранието на Здружението.

### Член 34

Во отсуство на претседателот го заменува еден од неговите заменици.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

### Член 35

Надзорниот одбор врши директен надзор врз законитоста на работењето, како и врз материјално-финансиското работење на Здружението.

Надзорниот одбор се состои од 3 члена кои се избираат и се разрешуваат од страна на Собранието на Здружението.
Во својата работа Надзорниот одбор одлучува со мнозинство гласови.
Надзорниот одбор во својата работа посебно се грижи:

- стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на Здружението да се врши на начин утврден со Закон и со актите на Здружението;
- за економско целесообразно користење на средствата, како и за спречување на евентуално незаконско работење при користењето и располагањето со средствата.

Работата на Надзорниот одбор и неговите права и обврски посебно ќе се регулираат со Деловникот за работа на: Собранието, Управниот одбор и Надзорниот одбор.

## 7. СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ И МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

### Член 36

Здружението може да стекнува недвижен имот, предмети, парични средства и други имотни права во согласност со важечките законски прописи.
Здружението ги остварува средствата за работа преку:

- членарина;

- доброволни прилози, подароци и легати;
- спонзорски и друг вид приходи од поединци и од трговски друштва;
- останати приходи.

Здружението може да добива средства од буџетот на Република Северна Македонија, од буџетите на единиците на локалната самоуправа и од буџетот на Град Скопје, од разни грантови и проекти на домашни и на странски органи и организации.

Парите и другите вредности кои Здружението ќе ги добие на подарок наменски, можат да се трошат само за таа намена и ќе се водат на посебно конто во сметководството на Здружението.

**Член 37**

Имотот и средствата на здружението добиени на користење од страна на поранешните општествено-политички заедници и самоуправни интересни заедници, здружението ќе ги користи без надомест, согласно со чл. 83 ст. 2 од Законот за здруженијата на граѓани и фондации.

**Член 38**

Финансиско-материјалното работење на Здружението се врши во согласност со законските прописи за материјално-финансиско работење и со финансискиот план на Здружението.

Заради рационализација на трошоците за организациско-стручна и административно-техничка дејност, Здружението може да ангажира стручни лица за вршење на определени работи.

**Член 39**

За собирање на приходите и за расходите на Здружението се грижат Претседателот и Управниот одбор на Здружението кои одлучуваат за употребата на средствата во износ кој ќе се одреди во посебна одлука на Управниот одбор.

**Член 40**

Претседателот на Здружението како наредбодавател ја потпишува целата финансиска документација.

**Член 41**

За извршување чисто стручни книговодствено-финансиски работи, претседателот по претходно овластување од Управниот одбор може да ангажира лице или установа за извршување на тие работи.

**Член 42**

Здружението има своја жиро-сметка.

## 8. НАУЧНА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

**Член 43**

Научната работа на здружението како една од основните цели и задачи на здружението се одредува и се спроведува во согласност со донесената Програма за работа.
Програмата ја изготвува Управниот одбор, а ја донесува Собранието на здружението. Програмата содржи организација на научно-стручни состаноци, симпозиуми и други облици на дејствување, воспоставување научни списанија и други научни публикации, публикување на зборниците со реферати со кои македонската делегација настапува на конгресите, но и на зборниците од домашни симпозиуми во организација на МСК, анализа на доктрини за спроведување едукација и сл.

## 9. ПРЕСТАНОК НА ПОСТОЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 44

Здружението престанува да постои ако:

- за тоа се донесе одлука на Собранието со двотретинско мнозинство;
- бројот на членовите се намали под бројот определен за основањето;
- ако Уставниот суд на Република Северна Македонија донесе одлука дека Програмата и Статутот на здружението не се во согласност со Уставот;
- ако се утврди дека Здружението престанало со работа; и
- во други случаи определни со Закон.

### Член 45

Во случај на престанок на работата на Здружението ќе се спроведе постапка на редовна ликвидација, а имотот и средствата на Здружението ќе преминат во сопственост на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје.
За настапувањето на условите за престанок на работата на Здружението, претседателот на здружението ќе го извести Централниот регистар на Република Северна Македонија - Скопје, кој во законски рок ќе констатира престанок на здружението и негово бришење од регистарот на здруженијата на граѓани.

## 10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 46

Толкување на одредбите на овој Статут има право да врши Собранието на Здружението, а помеѓу две седници на Собранието ова право го има Управниот одбор на Здружението.

### Член 47

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и при неговото донесување.

Претседател,

Емилија Црвенковска

Црвенковска